# Интелектуалци, политика, култура

Данило Коцевски

Изданието е објавено со поддршка од:

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Едиција **Перископ**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот
**Данило Коцевски, Интелектуалци, политика, култура**

**Copyright © 2021, Огнен и Јана Коцевски**

Лектура
**Ирена Ралева**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# Интелектуалци, политика, култура

Данило Коцевски

Скопје, 2021

## Содржина


| | |
|---|---|
| **I.** | 7 |
| Каде оди книжевноста денес? | 9 |
| Ја сакате ли литературата за вампири? | 13 |
| Бодријар, живееме ли во изморена цивилизација? | 17 |
| Албер Ками или новинарството како побуна | 21 |
| Вацлав Хавел, зборот како слобода и како пендрек | 25 |
| Кои се влијателните интелектуалци на денешницата? | 29 |
| Крлежа и ангажманот | 33 |
| Милан Кундера, со политиката нема шега | 36 |
| Мишел Уелбек објави нов роман | 40 |
| Оскар Вајлд, судскиот процес за хомосексуалноста | 45 |
| Пол Валери, за политичкиот ангажман и интелектуалците | 49 |
| Солженицин, гулаг, тоталитаризмот | 53 |
| Чарлс Буковски | 56 |
| Што мисли Славој Жижек за „Игра на троновите“? | 60 |
| Харизмата на Данило Киш | 64 |
| Имануел Мифсуд – суптилен поет на градот | 67 |
| Будење на младите – колку им обрнуваме внимание? | 69 |
| Дарко Лешоски му пишува на Ален Гинзберг | 73 |
| Дебитантска книга што е многу повеќе од тоа | 76 |
| Урбаната митологија во записите на Васко Марковски | 84 |
| Пет поетски книги | 91 |
| Еден е Гане | 99 |
| Конески, Киш и Набоков за јазикот | 102 |
| Блаже Конески за Гоце Делчев и создавањето на легендата | 108 |
| Каде се наоѓа преписката на Гоце Делчев? | 112 |
| **II.** | 117 |
| Постои ли денес македонска интелектуална елита? | 119 |
| Улогата на интелектуалците во политичката криза | 124 |
| Таму кај што настапува уцената – отстапува дијалогот, или отворено писмо до Али А. | 131 |
| Знаеме ли да ја негуваме полемиката? | 137 |
| Зошто заборавивме да зборуваме за среќата? | 141 |
| Интелектуалците денес – махери за манипулација или совест на општеството? | 145 |

Зошто немаме политичка култура на компромис? 150
Како не им здодеа на Бугарите толку да нѐ сакаат 156
Говорот на лицемерието 161
Огледалце, огледалце, која платформа е најубава на светот? 165
Распродажба на интелектуалците 169
Создаваме лажни идоли 173
Како да преживееме од премногу политика? 177
Два лути камења не мелат брашно 181
Страв од моќта, што е причината? 185
Феноменологијата на загубената политичка моќ 189
Јазикот на политиката и јазикот на културата 193
Политиката и културата – конфликт или разбирање? 196
Го загубивме ли чекорот со стварноста? 200

**III.** 203
Нема култура без алтернатива 205
Нестор Алексиевски го изработил ковчегот во кој се пренесени коските на Гоце Делчев 209
Митко Зафировски – Разговарав со другарите на Гоце Делчев 214
Традицијата треба постојано да се освојува 219
Најстариот занает на светот 227
Дома седам, во Стамбол шетам 232
Културната политика и уметничката критика 236
Имаме ли храброст да ја кажеме вистината? 239
Демократијата и културата – до каде сме? 243
Кој манипулира во културата? 246
Маргинализирани и заборавени 250
Културата заслужува повеќе 253
Да не го заборавaме читателот 257
Зошто немаме борба на идеи? 261
Култура без ароганција 264
Културата не е дестинација од денес до утре 268
Да не се затвораме во градски гета 272
Стоиме во место – до кога? 277
Коронавирусот – се покажавме ли како организирана цивилизација? 280
Кабаре 284

Био-библиографска белешка 288

# I

## Каде оди книжевноста денес?

Денешната криза на вредностите во книжевноста, Херман Брох ја предвидел во своите познати есеи што Хана Арент ги печатела уште пред шеесет години во Цирих, во два тома: „Книжевноста и познанието“ и „Познанието и делувањето“.

Големиот австриски романсиер и есеист Херман Брох (1886–1951) во есејот посветен на Џемс Џојс поставува една ваква луцидна констатација: кога писателот ќе наполни педесет години обврзан е да си го постави прашањето за односот кон времето во коешто живее. Зошто токму на таа возраст? Затоа што во тие негови години веќе доаѓаат нови, млади генерации, дваесет и петгодишници, кои можеби ќе ги разберат неговите проблеми во литературата, а можеби и нема. Тие се во екот на младоста и тогаш започнуваат, додека педесетгодишникот е на прагот на староста. Тоа е сè уште неговото време, но не за долго, бидејќи се наметнуваат нови форми и нови содржини. Сепак, не е битен само тој однос млади-стари, туку нешто друго, многу посуштинско. Имено, дали, во она што сме го напишале, сме успеале да ја дофатиме суштината, духот на своето време, или сме се занимавале само со минливи

и површни бележења, кои нема да оставаат никаква трага зад нас? Во тоа е големината на авторот, во тоа е големината на пишувањето, смета Брох. Делото треба „да го асимилира духот на епохата“, да го надмине дури и општиот стил на времето. Тогаш делото „ќе ѝ припадне на стварноста на епохата и, заедно со неа, ќе стане историска реалност што во себе носи гаранција за трајност и неминливост.“

Таа гаранција за трајна вредност и неминливост Херман Брох ја остварил во своето творештво. Ја остварил и Џемс Џојс за чие дело „Улис“, Брох позитивно се изјаснил. Кога го пишувал тоа, австрискиот писател самиот имал околу педесет години. За него се битни два аспекта: делото треба да „ги воочува силите на времето и симболички да ги прикажува“, да го изрази (не да го одрази) духот на епохата. Вториот аспект е сознајниот или „вредноста на познанието“, кој е иманентен на книжевноста. Колку повеќе се откажуваме од етичката димензија на познанието, толку повеќе ни се заканува „мракот на вредностите“. Денес, во епохата на постмодерната, како потполно да заборавивме на овие вредносни аспекти. Тери Иглтон во „Илузиите на постмодернизмот“ го проблематизира постмодернизмот како облик на културата што е изведена, еклектичка уметност „која ги растопува границите помеѓу високата и популарната култура.“ Забавата е над сѐ, велат други теоретичари.

„Ретки се авторите“, смета Брох, „што успеале да го дофатат тој дух на времето и епохата, проблемите што се универзални за човековата егзистенција.“ Во таа смисла, делото на Џојс го спореду-

ва со она на Гете, според творечкото транспонирање на универзалните вредности. Не можејќи да оствариме такви вредности, често доаѓа до криза, до естетско и етичко раслојување. Некои од тезите на Брох како да ги сликаат денешните состојби. Процесот на „ситнење на вредностите", смета тој, придонесува „светското секојдневие да западне во уште поголем хаос". А денешното ситнење на вредностите е повеќе од очигледно. Естетската игра станува цел за себе, уметничкото и спознајното, односно етичкото, стануваат забава. На тоа Брох многу јасно укажува во своите есеи. Во секој случај, „раситнетите вредности" од нашата современост не можат да бидат „трајна стварност на епохата", во онаа вредносна смисла за која зборува Брох. Така доаѓаме до денешниот апсурд: глобален свет втемелен со ситнење на вредностите, често прикриени со големите тиражи. Тоа ситнење, од една страна, и глобалното, од друга страна, тешко можат да ја остварат сликата за која сонувал Брох. Чест на исклучоците што сè уште ни ја одржуваат надежта дека во XXI век нема да останеме без својата „слика на епохата". Една современа теоретичарка (Гордана Ѓериќ), неодамна со право напиша дека денес постои „релативизација на вредностите и изедначување на забавата со творештвото... Уметниците и интелектуалците сакаат сè да релативизираат и да разградат, да претворат во игра и забава."

Македонската книжевност не може да остане надвор од глобалната цивилизација. Ситнењето на вредностите може да биде опасно и за нас, иако некои жанрови покажуваат виталност. Поезијата,

а особено прозата и драмата, според вредностите добиваат и своевидна светска рецепција, во обем и интензитет што порано беше незамислив. И нашите педесетгодишници треба да се прашаат за својот однос кон времето, како што порачува Брох. А ако некои имаат и повеќе години, прашањата треба да ги умножат, зашто зад нив не стои само една, туку повеќе генерации млади автори што, за волја на вистината, и самите ги имаат истите проблеми – да го дофатат духот на времето и да работат врз вредностите што треба да ги оставаат зад себе.